АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

0101 ТРАЈНО
06.06.18

01-425/6
06.06.18

Врз основа на член 25 став 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/2016, 190/2016 и 64/2018), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 06.06.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф [1]

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат основните карактеристики на инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт–ап и спин-оф[2] (во натамошниот текст: „Инструментот“), критериумите и постапките за аплицирање за кофинансирање, како и критериумите и постапките за доделување на кофинансирање.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**Член 2**

Целта на овој инструмент е да го поттикне нивото на иновативност кај новооснованите претпријатија преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности на истражување и развој.

Грантот се очекува да ја поттикне културата на преземање на ризик и иновација, да обезбеди поддршка за претпријатијата кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес, и/или услуга како и да поттикне комерцијализација на резултатите од истражувања настанати во вискообразовните односно научноистражувачките установи.

**Член 3**

Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти кои имаат најмалку „потврден концепт“ (proof of concept) и јасна комерцијална амбиција.

Инструментот поддржува проекти кои се во фаза на потврден концепт до предкомерцијална (предпазарна) фаза.

Инструментот е наменет за финансирање на новоосновани микро, мали и средни претпријатија - „старт-ап“ претрпијатија регистрирани во Република Македонија, а со цел поттикнување на иновативноста кај претпријатијата, имплементирање на иновативни решенија, поддршка на претпријатија кои имаат висок потенцијал за раст, како и пренесување на резултатите од научните

[1] Мали грантови за потврден концепт
[2] Мали грантови за потврден концепт

истражувања во апликативни, односно комерцијални активности преку формирање на „спин-оф“ претпријатија.

„Новоосновано трговско друштво спин - оф“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички лица вработени/ангажирани или студенти во установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност и/или основани од установи кои вршат научноистражувачка дејност и/или од стопански субјекти.

**Член 4**

Преку овој инструмент, Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст Фондот) обезбедува финансирање **до 85% (осумдесет и пет проценти)** од вкупниот буџет за проектот, во максимален износ од **30.000,00 (триесет илјади) евра.**

Преостанатиот износ од вкупниот буџет за проектот треба да биде обезбеден од апликантот.

Средствата добиени од Фондот по било кој друг основ или било која друга форма на државна помош не се прифатливи како кофинансирање од страна на апликантот.

**Член 5**

По успешна комерцијализација, приходите (не само добивката) добиени од продажбата на производот/услугата или некој друг последователен производ/услуга врз основа на технологијата развиена во рамки на проектот финансиран од страна на Фондот, ќе стане основа за плаќање на ројалти кон Фондот.

Секое плаќање на ројалти ќе се врши по стапка од 5% (пет проценти) од годишниот приход добиен од продажба на производот/услугата кои се резултат на проектот, се додека не се оствари повраток на 120% (сто и дваесет проценти) од износот на финансирање добиено од Фондот или за период од 5 (пет) години по завршувањето на проектот, во зависностод тоа кој услов е прво постигнат.

Плаќањето на ројалти ќе се пресметува годишно од страна на Фондот во тековната година за претходната година, и треба да биде платено од страна на корисникот кон Фондот до 31 март во тековната година за претходната година.

**Член 6**

Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку овој Инструмент може да биде до 12 (дванаесет) месеци.

Директорот на Фондот, врз основа на оправдани околности може да одобри продолжување на спроведувањето на проектот до два месеца.

Продолжување на спроведување на проектот подолго од периодот од став 2 на овој член, може да биде одобрено само по одлука донесена од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции.

Под оправдани околности, времетраењето на спроведувањето на проектот може да биде продолжено најмногу за дополнителни 6 (шест) месеци по претходно добиено одобрување во согласност со став 2 и став 3 од овој член.

Во случај на продолжување на времетраењето на спроведувањето на проектот, износот на доделениот грант не може да биде зголемен.

## II.ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

**Член 7**

Подобни за финансирање под овој инструмент се микро, мали и средни претпријатија од сите сектори.

Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни се:

- да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија;
- да не поминале повеќе од 6 (шест години) од денот на основање на апликантот до денот на поднесување на предлог проектот до Фондот;
- да е микро, мало или средно претпријатие (до 250 вработени);
- да е со мнозинска македонска сопственост (со 50,1 % или повеќе);
- да е во сопственост на физичко лице/а и/или микро, мало, или средно претпријатие (со мнозинска македонска сопственост со 50,1% или повеќе) и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност (со сопственички удел во апликантот до 20%);
- годишните приходи на претпријатието да не надминуваат 1.000.000 (еден милион) евра, според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- да не е капитално поврзан (согласно Законот за трговски друштва) со друго претпријатие каде што збирните годишни приходи на двете претпријатија надминуваат 1.000.000,00 (еден милион) евра во претходните две фискални години, освен во случај на капитална поврзаност со високообразовна, односно научноистражувачка установа;
- да нема акумулирано повеќе од 200.000,00 (двеста илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
- да нема аклумулирано повеќе од 100.000,00 (сто илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и

побараниот износ на средства од Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен сообраќај, согласно Законот за контрола на државна помоши Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);

- да не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието), и
- да не се занимава со производство на јаглен.

**Член 8**

Средствата добиени од Фондот треба да бидат наменети за развојни активности и имплементација на предложената иновација.

Прифатливи активности за финансирање под овој Инструмент се:

- активности за истражување и развој;
- развој на пилот линии;
- активности за тестирање;
- активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост; и
- дизајн.

Листа на активности од став 2 на овој член не е ограничувачка.

**Член 9**

Трошоци прифатливи за финансирање под овој Инструмент се:

- бруто плати (само за вработени кај апликантот). Износите на бруто плати за вработените лица ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот пред почетокот на проектот;
- купување и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- поддоговорни услуги за истражување и развој (пр: тестирање, лабараториски услуги и сл.);
- ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање на експерти/советници за останати потреби дирекно поврзани со очекуваните резултати на проектот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на средства и капитал, бизнис развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- подготовка и поднесување на пријава за патент, заштита на трговска марка и индустриски дизајн;

- канцелариска и деловна поддршка (наем на деловен простор, режиски трошоци, банкарски провизии, сметководствени услуги, хостинг и останати видови на административни трошоци во максимален износ од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот. Средствата за канцелариска и деловна поддршка се доделуваат на квартална основа, како вкупен износ, за подставките за кои постои доказ за направен трошок.

Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот и правилата и процедурите на Фондот се подобни за финансирање.

Трошоци неприфатливи за финансирање под овој Инструмент се:

- трошоци за отплата на камата или долг на друга стран;
- трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови;
- покривање на загуби настанати при размена на валута, такси и казни;
- трошоци за забава и угостителство;
- трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани за селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба на вработени;
- купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање;
- готовинска исплата од посебната сметка на проектот;
- извозни активности (трошоци директно поврзани со извоз на производи, со основање и работење на мрежа за дистрибуција и слично, или други тековни трошоци на претпријатието поврзани со извозни активности);
- годишни такси за оддржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите);
- додатоци на плата;
- трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сосптвеник/ици на корисникот;
- наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е капитално поврзан со претпријатието корисник;
- набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок;
- набавка на патнички возила (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите) и
- трошоци за набавка на половна опрема.

Не се подобни за финансирање и трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори.

Листа на трошоци од став 3 на овој член не е исцрпна.

**Член 10**

Во случај проектот да се базира на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, апликантот е должен заедно со предлог проектот да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договори за „in-kind" придонес или друг вид на договор кој потврдува дека Апликантот има право на користење на интелектуалната сопственост на која се базираат резултатите од проектот.

Апликантот не смее свесно или намерно да ги нарушува правата на интелектуална сопственост на кое било трето лице.

Сите права на интелектуална сопственост и „know how" кои ќе бидат создадени за време на спроведување на проектот и/или како резултат на спроведувањето на проектот му припаѓаат на корисникот и доколку е применливо, корисникот треба да ги заштити правата на интелектуална сопственост.

Фондот нема да биде одговорен за спорови поврзани со правата на интелектуална сопственост помеѓу апликантот/корисникот и трети страни.

## III. ПРОЦЕС НА АПЛИКАЦИЈА

**Член 11**

Финансиските средства под овој инструмент, се доделуваат на компетитивна основа по објавен јавен повик.

Јавниот повик ќе биде објавен во најмалку два јавни медиуми и на веб страната на Фондот.

Рокот за поднесување на предлог проектите ќе биде одреден помеѓу 30 (триесет) и 90 (деведесет) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Содржината на јавниот повик е регулирана во Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Правилникот за управување").

Износот на вкупниот буџет определен за секој јавен повик е одреден во Годишната програма за работа на Фондот и Годишниот финансиски план на Фондот.

За да поднесат предлог проект во врска со јавниот повик, апликантите треба да пополнат Проектна апликација и Буџет на проектот, заедно со останатата документација што е наведена во Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој и во јавниот повик.

## IV. ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА

**Член 12**

Одлуката за доделување финансиски средства под овој инструмент, е во надлежност на Комитетот за одобрување на инвестиции (во понатамошниот текст Комитетот).

Комитетот врши евалуација на предлог проектите кои ја поминале фазата на предселекција.

При проверка на предлог проектите, Комисијата за административна проверка се води според Документ за административна проверка на предлог проектите.

Правилата и процедурите за административна проверка и за евалуација на предлог проектите, подетално се регулирани во Правилникот за управување.

**Член 13**

Основните критериуми за евалуација на проекти и доделување средства под овој инструмент се:

- степен на иновативност
- квалитет на проектот
- капацитет на проектниот тим
- потенцијал на пазарот
- влијание

Основните критериуми и подкритериумите за евалуација на проектите се дадени во образецот на Табелата за евалуација.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ПРОЕКТИ

**Член 14**

Корисникот има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно во согласност со Договорот за доделување средства и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални практики и стандарди.

Корисникот има право на пренамена на средства во вкупен износ од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот за целото времетраење на проектот во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати. За пренамената Корисникот е должен да го извести Фондот во рамки на кварталните извештаи и завршниот извештај.

Секое незначително отстапување од Проектната апликација и Буџетот на проектот, (промени во планот на активности, клучните луѓе на проектот, итн) треба да биде претходно одобрено од страна на директорот на Фондот.

Секое значително отстапување од Проектната апликација и Буџетот на проектот (промена на доминантна сопственичка структура, пренамена на средства во износ повисок од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот, итн.) треба да биде претходно одобрено од страна на Фондот.

Фондот има за цел да поттикне иновативна дејност и преземање ризик. Од причина што иновативните проекти често се развиваат различно од почетните очекувања, Фондот и Комитетот овој фактор ќе го имаат предвид при донесување на одлуките за одобрување на промени во проектот.

Правилата и процедурите за спроведување на проектот, подетално се регулирани во Правилникот за управување.

**Член 15**

Фондот врши надзор над проектот преку преглед на извештаите доставени од страна на корисникот преку спроведување на теренски посети и преку оценка на резултатите на проектот.

Кварталните извештаи и завршниот извештај се пополнуваат во обрасци изготвени од страна на Фондот.

Правилата и процедурите за надзор, следење и евалуација на резултатите на проектот, подетално се регулирани во Правилникот за управување.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

За се што не е уредено со овој правилник, важат одредбите од Правилникот за управување и законите на Република Македонија.

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови, за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф бр. 01-250/2 од 05.10.2016 година.

На договорите за доделување средства склучени со Фондот до датумот на влегување во сила на овој Правилник за управување ќе се применуваат соодветните акти на Фондот согласно кои се склучени истите.

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

**Бр.** 01-475/6
**Скопје,** 06.06.2018 **година**

**Претседател на Управен одбор**
**Моника Јованова**